# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 8** **14 јануари 2020, вторник** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 181. | **Одлука** за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба ..... | **2** |
| 182. | **Одлука** за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните..... | **2** |
| 183. | **Решение** за именување генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија ..... | **12** |
| 184. | **Решение** за именување заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија..... | **12** |
| 185. | **Национална годишна програма** за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2020 година..... | **12** |
| 186. | **Програма** за трансплатација во Република Северна Македонија за 2020 година ..... | **165** |
| 187. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на остварување на меѓународна соработка, спроведување на консултантски услуги и обуки и за начинот на распределбата и користењето на приходите ..... | **179** |
| | **Огласен дел** ..... | **1-8** |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**181.**

Врз основа на член 38 ставови 3 и 4 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 ноември 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Елизабета Атанасова ул. Димитар Гунов бр.26 Јосифово, за земјоделското земјиште под долгогодишен насад кое се наоѓа на КП бр. 1776/2-дел, во место викано Рамникот, катастарска култура овоштарник, катастарска класа 4, со површина од 5ха 69ар 16м2, запишана во Имотен лист бр.450 за КО Грчиште.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува со времетраење до 28.4.2040 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот од објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-8318/1
26 ноември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**182.**

Врз основа на член 40 став (9) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 јануари 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ**

Член 1

Во Одлуката за висината на надоместоци за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/16, 115/16, 223/16, 27/18 и 17/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 186/19), Прилозите 1 и 2 се заменуваат со нови Прилози 1 и 2 кои се составен дел на оваа одлука.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9466/1-19
8 јануари 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

Прилог 1

**Висина на надоместоците за спроведување на активности од областа на здравствена заштита на животните**

1. Висината на надоместоците за активности од областа на здравствената заштита на животните се дадени во Табела 1.

*Табела 1: Висина на надоместоците за активности од областа на здравствената заштита на животните*

| РБ | Активност | Вид животно | Единечна цена без ДДВ | Патни трошоци вклучени |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Земање примероци крв по годишна наредба | коњ | 100 | да |
| | | говеда | 100 | да |
| | | свињи | 100 | да |
| | | свињи во кланица | 65 | да |
| | | овци/кози | 65 | да |
| | | домашни и диви птици | 65 | да |
| | | куче и мачка | 100 | да |
| 2 | Земање примерок крв и брис од клоака и душник од исто животно | домашни и диви птици | 70 | не |
| 3 | Туберкулинизација | говеда | 350 | да |
| 4 | Клинички преглед на пчелна заедница | пчели | 50 | да |
| 5 | Земање и испраќање примероци од пчелни заедници сомнителни на болест | пчели | 80 | да |
| 6 | Клинички преглед на риби од рибник | риби | 800 | да |
| 7 | Земање и испраќање примероци од риби и вода во случај на сомнеж | риби | 800 | не |
| 8 | Пато-анатомски преглед, земање и испраќање примероци за лабораториско испитување од одгледувалиште во случај на сомнеж | овци/кози | 900 | не |
| | | говеда | 1300 | не |
| | | свињи | 900 | не |
| | | коњи | 1300 | не |
| | | куче /мачка | 500 | не |
| | | живина | 90 | не |
| 9 | Земање и испраќање трупови на мали животни на лабораториско испитување во случај на сомнеж | сите | 400 | не |
| 10 | Земање и испраќање абортиран фетус, плацента и крв по абортус во случај на сомнеж | говеда | 600 | не |
| | | овци/кози | 420 | не |
| | | свињи | 600 | не |
| | | коњи | 600 | не |
| 11 | Земање и испраќање мозок за лабораториско испитување на БСЕ/Скрепи од угинати животни на одгледувалиште | говеда | 1000 | не |
| | | овци/кози | 500 | не |

| РБ | Активност | Вид животно | Единечна цена без ДДВ | Патни трошоци вклучени |
|---|---|---|---|---|
| 12 | Застрелување лисици во рамките на мониторинг на орална вакцинација на беснило | лисици | 900 | да |
| 13 | Земање на примероци од застрелани диви животни или нивни трупови | диви животни со исклучок на лисици | 500 | да |
| 14 | Манипулација и земање на примероци од застрелана лисица од ветеринарно друштво | лисици | 500 | да |
| 15 | Еутаназија на животни со регистрирани ВМП (по Решение на официјален ветеринар) | коњ, говедо, овци/кози и свињи по 1 кг телесна тежина | 10 | не |
| | | мачка и куче по 1 кг телесна тежина | 38 | не |
| 16 | Вакцинација против антракс | коњ/говедо | 80 | да |
| | | овци/кози/свињи | 60 | да |
| 17 | Вакцинација против бруцелоза | овци/кози | 60 | да |
| 18 | Вакцинација против класична чума кај свињи | свињи | 106 | да |
| 19 | Вакцинација на кучиња и мачки против беснило со вклучена дехелментизација | куче/мачка | 500 | да |
| 20 | Клинички преглед и земање примерок крв и брис при сомнеж на болест | коњ | 250 | не |
| | | говедо | 150 | не |
| | | овци/кози | 100 | не |
| | | свињи | 250 | не |
| 21 | Клинички преглед на животните пред движење или ставање во промет и издавање сертификати или други документи за здравствена состојба на животните | говедо, бивол, коњ, магаре, мазга и мула | 158 | да |
| | | теле, биволче, ждребе и прле до 6 месеци старост | 105 | да |
| | | свиња над 25 кг телесна тежина | 32 | да |
| | | свиња под 25 кг телесна тежина | 16 | да |
| | | овца и коза | 27 | да |
| | | јагне и јаре до 3 месеци старост | 11 | да |
| | | живина | 2 | да |
| | | желки | 2 | да |
| | | гулаби, домашни миленици од видовите птици | 35 | да |
| | | пилиња до седумдневна возраст за 100 пилиња во пратка | 11 | да |
| | | ратини (ној, ему, нанду) | 84 | да |
| | | зајак питом | 11 | да |
| | | куче *(Canis lupus familiaris)* | 105 | да |
| | | мачка *(Felis silvestris catus)* | 84 | да |
| | | феретка *(Mustela putorius furo)* | 84 | да |

| РБ | Активност | Вид животно | Единечна цена без ДДВ | Патни трошоци вклучени |
|---|---|---|---|---|
| | | риба (подмладок и икра) за 1 кг | 3 | да |
| | | пчели за 1 кошница | 16 | да |
| | | пчелна матица | 32 | да |
| | | полжави за 1 кг | 3 | да |
| | | ситен дивеч | 70 | да |
| | | крупен дивеч | 158 | да |
| 22 | Дезинфекција m² | При спроведување на редовни активности | 6 | да |
| | | Во случај на вонредна појава на особено опасни болести | 2 | да |
| 23 | Дезинсекција m² | При спроведување редовни активности | 6 | да |
| | | Во случај на вонредна појава на особено опасни заразни болести | 2 | да |
| 24 | Внесување податоци за здравствена заштита на животните во Информациониот систем на АХВ | сите видови животни, по животно | 4 | да |
| | | по одгледувалиште за сите видови животни | 40 | да |
| 25 | Поставување на стапици, собирање и испраќање на собраниот материјал за броење на вектори | по стапица по одгледувалиште | 1000 | да |
| 26 | Вакцинација против болест на чвореста кожа | говеда | 93 | да |
| 27 | Омамување и убивање на животни со користење на механички методи | коњ, говедо, овци/кози, свињи и живина над 5кг | 100 | да |
| | | живина до 5кг | 20 | да |
| 28 | Нештетно отстранување на животни и мрши во случај на појава на особено опасни заразни болести со опрема и тешка механизација | по ископан кубен метар ($м^3$) | 300 | да |
| 29 | Транспорт за нештетно отстранување на животни и мрши во случај на појава на особено опасни заразни болести | до 10 км | 450/тон | да |
| | | до 20 км | 600/тон | да |
| | | до 30 км | 700/тон | да |
| 30 | Физичко и механичко отстранување на животни и мрши во случај на појава на особено опасни заразни болести (оваа ставка се применува само доколку одгледувалиштето е непристапно за тешка механизација) | по условно грло* | 100 | да |
| 31 | Вакцинација против ентеротоксемија | овци/кози | 40 | да |
| 32 | Застрелување на диви свињи заради рано откривање и спречување на појава и дијагностика на заразни и паразитарни болести кај свињите | дива свиња | 1000 | да |

| РБ | Активност | Вид животно | Единечна цена без ДДВ | Патни трошоци вклучени |
|---|---|---|---|---|
| 33 | Клинички преглед на одгледувалиште | по одгледувалиште | 1270 | да |
| 34 | Пријавување на пронајдена угината дива свиња | по животно | 2542 | да |

*Пресметка на условни грла

| Вид и категорија на животни | Условно грло |
|---|---|
| Говеда и биволи постари од 24 месеци | 1.2 |
| Говеда и биволи од 12-24 месеци | 1 |
| Говеда и биволи од 6-12 месеци | 0.8 |
| Телиња од говеда и биволи | 0.15 |
| Приплодни бикови и биволи/бикови | 1.4 |
| Коњи | 1.2 |
| Ждребиња и магарињa | 0.5 |
| Овци и кози | 0.1 |
| Јагниња и јарињa | 0.05 |
| Маторици и нерези | 0.4 |
| Свињи од 25-130 кг. | 0.15 |
| Прасиња до 25 кг. | 0.02 |
| Живина | 0.04 |
| Зајаци и пернат дивеч | 0.002 |

2. Трошоците под реден број 1, 2, 5, 7, 8, 9, 10, 11, 14, 15, 16, 17, 18, 20, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30 и 33 во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ветеринарните друштва со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор.
3. Трошоците под реден број 12, 13 и 32 во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ловечките друштва и концесионерите на ловиштата со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор.
4. Трошоците под реден број 3 во висина од 50% се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ветеринарните друштва со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор, додека останатите 50% се на товар на одгледувачот.
5. Трошоците под реден број 4, 6, 19 и 21 во целост се на товар на одгледувачот на животните.
6. Патните трошоци во случаите кога согласно точка 1 од овој прилог не се вкалкулирани во висината на трошоците ќе се пресметуваат во висина од 20% од цената на горивото (цена не денот на извршувањето на активноста) за секој изминат километар. Бројот на изминати километри треба да биде потврден од страна на официјалниот ветеринар.
7. Во случај на повторно издавање на сертификат за здравствена состојба на животните врз основа на важечки сертификат за здравствена состојба во внатрешниот промет се наплаќа надомест во износ од 50% од висината на надоместокот под реден број 21.
8. Во случај на издавање на сертификат за здравствена состојба на животните за извоз како и за гулаби, домашни миленици од видовите птици кои учествуваат на спортски настани, саеми или изложби се наплаќа 10% од висината на надоместокот под реден број 21, со исклучок на желки, гулаби, домашни миленици од видовите птици, зајак питом, куче *(Canis lupus familiaris),* мачка *(Felis silvestris catus)*, феретка *(Mustela putorius furo),* пчели за една кошница и пчелна матица за кои се наплаќа 100% од висината на надоместокот под реден број 21.
9. Во случај на издавање на сертификат за здравствена состојба на животните за движење на животни заради испаша надвор од епизотиолошка единица (летна-зимска испаша) се наплаќа 30% од висината на надоместокот под реден број 21.
10. Надоместоците за издавање сертификати или други документи за здравствена состојба на животните се зголемуваат за 100%, во случаи кога службените контроли кои ги врши официјалниот ветеринар се извршуваат во деновите на државни празници и неработни денови (сабота и недела).
11. Во случај на точка 8, 9 и 20 кога мострите се од исто одгледувалиште трошците за превоз се пресметуваат еднократно.
12. При спроведување на мерките од точка 22 и 23 ветеринарните друштва износите за извршена дезинфекција и дезинсекција треба да ги пресметуваат согласно измерената површина на $m^2$ на лице место на одгледувалиштата (објектот-шталата заедно со заградената површина на испустот каде што престојуваат животните) потврдено со записник од надлежниот официјален ветеринар.
13. Трошоците под реден број 31 во висина од 50% се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ветеринарните друштва со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор, додека останатите 50% се на товар на одгледувачот.
14. Трошоците под реден број 34 се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на физички и правни лица со кои Агенцијата за храна и ветеринарство ќе склучи договор после спроведена контрола на лице место од страна на официјален ветеринар.

Прилог 2

**Висина на надоместоците за спроведување на активности од областа на здравствена заштита на животните за тешко достапни места**

1. Висината на надоместоците за активности од областа на здравствената заштита на животните кои се однесуваат за тешко достапните места се дадени во следната Табела.

*Табела: Висина на надоместоците за активности од областа на здравствената заштита на животните за тешко достапни места*

| РБ | Активност | Вид животно | Единечна цена без ДДВ | Патни трошоци вклучени |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Земање примероци крв по годишна наредба | коњ | 105 | да |
| | | говеда | 105 | да |
| | | свињи | 105 | да |
| | | свињи во кланица | 69 | да |
| | | овци/кози | 69 | да |
| | | домашни и диви птици | 69 | да |
| | | куче и мачка | 105 | да |
| 2 | Земање примерок крв и брис од клоака и душник од исто животно | домашни и диви птици | 74 | не |
| 3 | Туберкулинизација | говеда | 368 | да |
| 4 | Клинички преглед на пчелна заедница | пчели | 53 | да |
| 5 | Земање и испраќање примероци од пчелни заедници сомнителни на болест | пчели | 84 | да |
| 6 | Клинички преглед на риби од рибник | риби | 840 | да |
| 7 | Земање и испраќање примероци од риби и вода во случај на сомнеж | риби | 840 | не |
| 8 | Пато-анатомски преглед, земање и испраќање примероци за лабораториско испитување од одгледувалиште во случај на сомнеж | овци/кози | 945 | не |
| | | говеда | 1365 | не |
| | | свињи | 945 | не |
| | | коњи | 1365 | не |
| | | куче /мачка | 525 | не |
| | | живина | 95 | не |
| 9 | Земање и испраќање трупови на мали животни на лабораториско испитување во случај на сомнеж | сите | 420 | не |
| 10 | Земање и испраќање абортиран фетус, плацента и крв по абортус во случај на сомнеж | говеда | 630 | не |
| | | овци/кози | 440 | не |
| | | свињи | 630 | не |
| | | коњи | 630 | не |

| РБ | Активност | Вид животно | Единечна цена без ДДВ | Патни трошоци вклучени |
|---|---|---|---|---|
| 11 | Земање и испраќање мозок за лабораториско испитување на БСЕ/Скрепи од угинати животни на одгледувалиште | говеда | 1050 | не |
| | | овци/кози | 525 | не |
| 12 | Застрелување лисици во рамките на мониторинг на орална вакцинација на беснило | лисици | 945 | да |
| 13 | Земање на примероци од застрелани диви животни или нивни трупови | диви животни со исклучок на лисици | 500 | да |
| 14 | Манипулација и земање примероци од застрелана лисица од ветеринарно друштво | лисици | 525 | да |
| 15 | Еутаназија на животни со регистрирани ВМП (по Решение на официјален ветеринар) | коњ, говедо, овци/кози и свињи по 1 кг телесна тежина | 11 | не |
| | | мачка и куче по 1 кг телесна тежина | 40 | не |
| 16 | Вакцинација против антракс | коњ/говедо | 84 | да |
| | | овци/кози/свињи | 63 | да |
| 17 | Вакцинација против бруцелоза | овци/кози | 63 | да |
| 18 | Вакцинација против класична чума кај свињи | свињи | 112 | да |
| 19 | Вакцинација на кучиња и мачки против беснило со вклучена дехелментизација | куче/мачка | 525 | да |
| 20 | Клинички преглед и земање примерок крв и брис при сомнеж на болест | коњ | 263 | не |
| | | говедо | 158 | не |
| | | овци/кози | 105 | не |
| | | свињи | 263 | не |
| 21 | Клинички преглед на животните пред движење или ставање во промет и издавање сертификати или други документи за здравствена состојба на животните | говедо, бивол, коњ, магаре, мазга и мула | 166 | да |
| | | теле, биволче, ждребе и прле до 6 месеци старост | 111 | да |
| | | свиња над 25 кг телесна тежина | 34 | да |
| | | свиња под 25 кг телесна тежина | 17 | да |
| | | овца и коза | 29 | да |
| | | јагне и јаре до 3 месеци старост | 12 | да |
| | | живина | 3 | да |
| | | желки | 3 | да |
| | | гулаби, домашни миленици од видовите птици | 37 | да |
| | | пилиња до седумдневна возраст за 100 пилиња во пратка | 12 | да |
| | | ратини (ној, ему, нанду) | 89 | да |

| РБ | Активност | Вид животно | Единечна цена без ДДВ | Патни трошоци вклучени |
|---|---|---|---|---|
| | | зајак питом | 12 | да |
| | | куче *(Canis lupus familiaris)* | 111 | да |
| | | Мачка *(Felis silvestris catus)* | 89 | да |
| | | феретка *(Mustela putorius furo)* | 89 | да |
| | | риба (подмладок и икра) за 1 кг | 3 | да |
| | | пчели за 1 кошница | 17 | да |
| | | пчелна матица | 34 | да |
| | | полжави за 1 кг | 3 | да |
| | | ситен дивеч | 74 | да |
| | | крупен дивеч | 166 | да |
| 22 | Дезинфекција по m² | При спроведување на редовни активности | 6 | да |
| | | Во случај на вонредна појава на особено опасни болести | 2 | да |
| 23 | Дезинсекција по m² | При спроведување редовни активности | 6 | да |
| | | Во случај на вонредна појава на особено опасни заразни болести | 2 | да |
| 24 | Внесување податоци за здравствена заштита на животните во Информациониот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство | сите видови животни, по животно | 4 | Да |
| | | по одгледувалиште за сите видови животни | 40 | да |
| 25 | Поставување на стапици, собирање и испраќање на собраниот материјал за броење на вектори | по стапица по одгледувалиште | 1050 | да |
| 26 | Вакцинација против болест на чвореста кожа | говеда | 93 | да |
| 27 | Омамување и убивање на животни со користење на механички методи | коњ, говедо, овци/кози, свињи и живина над 5кг | 130 | да |
| | | живина до 5кг | 25 | да |
| 28 | Нештетно отстранување на животни и мрши во случај на појава на особено опасни заразни болести со опрема и тешка механизација | по ископан кубен метар ($м^3$) | 300 | да |
| 29 | Транспорт за нештетно отстранување на животни и мрши во случај на појава на особено опасни заразни болести | до 10 км | 450/тон | да |
| | | до 20 км | 600/тон | да |
| | | до 30 км | 700/тон | да |
| 30 | Физичко и механичко отстранување на животни и мрши во случај на појава на особено опасни заразни болести (оваа ставка се применува само доколку одгледувалиштето е непристапно за тешка | по условно грло* | 100 | да |

| РБ | Активност | Вид животно | Единечна цена без ДДВ | Патни трошоци вклучени |
|---|---|---|---|---|
| | механизација) | | | |
| 31 | Вакцинација против ентеротоксемија | овци/кози | 40 | да |
| 32 | Застрелување на диви свињи заради рано откривање и спречување на појава и дијагностика на заразни и паразитарни болести кај свињите | дива свиња | 1000 | да |
| 33 | Клинички преглед на одгледувалиште | по одгледувалиште | 1333 | да |
| 34 | Пријавување на пронајдена угината дива свиња | по животно | 2670 | да |

*Пресметка на условни грла

| Вид и категорија на животни | Условно грло |
|---|---|
| Говеда и биволи постари од 24 месеци | 1.2 |
| Говеда и биволи од 12-24 месеци | 1 |
| Говеда и биволи од 6-12 месеци | 0.8 |
| Телиња од говеда и биволи | 0.15 |
| Приплодни бикови и биволи/бикови | 1.4 |
| Коњи | 1.2 |
| Ждребиња и магариња | 0.5 |
| Овци и кози | 0.1 |
| Јагниња и јарињa | 0.05 |
| Маторици и нерези | 0.4 |
| Свињи од 25-130 кг. | 0.15 |
| Прасиња до 25 кг. | 0.02 |
| Живина | 0.04 |
| Зајаци и пернат дивеч | 0.002 |

2. Трошоците под реден број 1, 2, 5, 7, 8, 9, 10, 11, 14, 15, 16, 17, 18, 20, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29 30 и 33 на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ветеринарните друштва со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор.
3. Трошоците под реден број 12, 13 и 32 во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ловечките друштва и концесионерите на ловиштата со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор.
4. Трошоците под реден број 3 во висина од 50% се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ветеринарните друштва со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор, додека останатите 50% се на товар на одгледувачот.
5. Трошоците под реден број 4, 6, 19 и 21 во целост се на товар на одгледувачот на животните.
6. Патните трошоци во случаите кога согласно точка 1 од овој прилог не се вкалкулирани во висината на трошоците ќе се пресметуваат во висина од 20% од цената на горивото (цена не денот на извржување на активноста) за секој изминат километар. Бројот на изминати километри треба да биде потврден од страна на официјален ветеринар.
7. Во случај на повторно издавање на сертификат за здравствена состојба на животните врз основа на важечки сертификат за здравствена состојба во внатрешниот промет се наплаќа надомест во износ од 50% од висината на надоместокот под реден број 21.
8. Во случај на издавање на сертификат за здравствена состојба на животните за извоз како и за гулаби, домашни миленици од видовите птици кои учествуваат на спортски настани, саеми или изложби се наплаќа 10% од висината на надоместокот под реден број 21, со исклучок на желки, гулаби, домашни миленици од видовите птици, зајак питом, куче *(Canis lupus familiaris),* мачка

*(Felis silvestris catus)*, феретка *(Mustela putorius furo),* пчели за една кошница и пчелна матица за кои се наплаќа 100% од висината на надоместокот под реден број 21.

9. Во случај на издавање на сертификат за здравствена состојба на животните за движење на животни заради испаша надвор од епизотиолошка единица (летна-зимска испаша) се наплаќа 30% од висината на надоместокот под реден број 21.
10. Надоместоците за издавање сертификати или други документи за здравствена состојба на животните се зголемуваат за 100%, во случаи кога службените контроли кои ги врши официјалниот ветеринар се извршуваат во деновите на државни празници и неработни денови (сабота и недела).
11. Во случај на точка 8, 9 и 20 кога мострите се од исто одгледувалиште трошците за превоз се пресметуваат еднократно.
12. При спроведување на мерките од точка 22 и 23 ветеринарните друштва износите за извршена дезинфекција и дезинсекција треба да ги пресметуваат согласно измерената површина на $m^2$ на лице место на одгледувалиштата (објектот-шталата заедно со заградената површина на испустот каде што престојуваат животните) потврдено со записник од надлежниот официјален ветеринар.
13. Трошоците под реден број 31 во висина од 50% се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ветеринарните друштва со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор, додека останатите 50% се на товар на одгледувачот.
14. Трошоците под реден број 34 се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на физички и правни лица со кои Агенцијата за храна и ветеринарство ќе склучи договор после спроведена контрола на лице место од страна на официјален ветеринар.

**183.**

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 4 јануари 2020 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. За генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија се именува д-р Драги Рашковски, досегашен генерален секретар на Владата.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-212/1
4 јануари 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**184.**

Врз основа на член 39 став 4 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 4 јануари 2020 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. За заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија се именува Тахир Хани, досегашен заменик на генералниот секретар на Владата.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-216/1
4 јануари 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**185.**

Врз основа на член 13 став (2) од Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија“ бр.22/10, 136/11, 144/14, 149/15 и 37/16) и член 16 точка 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16 и Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 јануари 2020 година, донесе

**НАЦИОНАЛНА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА**

1. СОЦИЈАЛНО-МЕДИЦИНСКА ДЕЈНОСТ И ЗДРАВСТВЕНА ПРОМОЦИЈА

ВОВЕД

Програмата се изведува со цел да се зачува и унапреди здравјето на населението, да се овозможи спроведување на основните функции и задачи на јавното здравје преку организирани мерки и активности од страна на Социјално-медицинската дејност во Институт за јавно здравје и 10-те Центри за јавно здравје.Со задачите од оваа дејност се обезбедува остварување на загарантираните права, утврдените потреби и интереси на сите граѓани во Република Северна Македонија.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Стратегиски цели поврзани со унапредување на здравјето и превенција на болестите:

- Зајакнување на капацитетите за унапредување на здравјето;
- Подобрување на капацитетите на здравствениот систем во целост (простор, опрема и кадар) преку рамномерна дистрибуција во рамки на здравствениот систем согласно потребите на различните региони;
- Воспоставување ефективни и квалитетни здравствени услуги достапни за секој граѓанин;
- Работење со цел создавање на потребните човечки ресурси за здравје со соодветни вештини и капацитет на вистинско место во вистинско време.

ПОКАЗАТЕЛ ЗА УСПЕШНОСТ НА ПРОГРАМА СО ПОЈДОВНА ОСНОВА И ПЛАНИРАН РЕЗУЛТАТ НА ГОДИШНО НИВО

1. Процес индикатор: 100 % реализирани задачи,
2. Перформанс индикатори:
- намалени стапки на морбидитет и морталитет од болестите
- продолжено очекувано траење на живот

ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ И ЗДРАВСТВЕНА ПРОМОЦИЈА СО БУЏЕТ НА ОДДЕЛОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ПРОМОЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ НА БОЛЕСТИ ВО ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2020 ГОДИНА

| Ред. бр. | вид на активност | I Квартал | II Квартал | III Квартал | IV Квартал | Активности број |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | а. Програмски задачи | | | | | |
| 1. | Информација за искористеноста на болничкитекапацитети во здравствените установи во Република Северна Македонија во 2019 година | | | x | | |
| 2. | Анализа на болничкиот морбидитет и морталитет во Република Северна Македонија | | | x | | 1 |
| 3. | Извештај за здравјето и здравствената заштита на населението во Република Северна Македонија во 2019 година | | | | x | 1 |
| 4. | Извештај за работата на советувалиштата за откажување од пушење во 10-те Центри за јавно здравје | x | x | x | x | 4 |
| 5. | Изготвување на стручни материјали (пр. медицинска мапа, стандарди и сл.) со предлози за организација и функционирање на здравствени установи согласно национални и светски стандарди и нормативи | | x | | | 1 |
| 6. | Кост-бенефит анализа за трошоците во здравството | | | x | | 1 |
| 7. | Информација за состојби со болести на зависност во Република Северна Македонија | | | | x | 1 |
| | Б. Здравствена промоција-здравствено воспитување | | | | | |
| 1. | Одбележување на соодветни национални, европски и светски денови, недели, месеци | x | x | x | x | 4 |
| 2 | Следење и координација на промотивно-едукативните активности на 10-те Центри за јавно здравје - Извештај | x | x | x | x | 4 |
| 3. | В.Квартален извештај за спроведени активности на Центрите за јавно здравје - социјално-медицинска дејност | x | x | x | x | 4 |
| 4. | г. Стручен надзор за подобрување на работата на центрите за јавно здравје - социјално медицинска дејност | x | x | x | x | 4 |

ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ НА ОДДЕЛ ЗА ЗДРАВСТВЕНА СТАТИСТИКА И ПУБЛИЦИСТИКА ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

I. ВОВЕД

Здравјето на населението, како интердисциплинарното поле фокусирано на анализата на здравствените резултати на населението, станува се почест и се повеќе ефикасен начин за борба против многу проблеми во областа на здравството на широк домен. Употребата на податоци за здравјето на населението станува ефективна и се повеќе се користи како алатка во напорите за лекување на распространети здравствени проблеми, незаразни болести: дијабетес, малигни неоплазми и срцеви заболувања како најчест причинител за морбидитет и морталитет и главен јавно здравствен проблем во 21 век. Податоците за здравствената состојба на населението, исто така, имаат многу важна улога во дизајнирањето и спроведувањето на здравствените иницијативи во заедницата, кои се спроведуваат за промовирање на добри здравствени практики.

Приоритетни цели на програмата

| |
|---|
| Главна цел на Програма за јавно здравје за 2020 е генерирање на информации за носители на одлуки на сите нивоа на здравениот систем за идентификација на проблеми и потреби, за одлуки базирани на докази за здравствената политика и распределба на ограничени ресурси оптимално. |

Дополнителни цели на програмата:

1. Зајакнување и подобрување на здравствени системи за здравствена евиденција, преку генерирање на податоци, компилација, анализа и синтеза, комуникација и употреба вклучувајќи ги лични, хартиени и електронски податоци;
2. Точни, навремени, релевантни и веродостојни евиденции на податоците за здравствени услуги и кадар, анализа на овие информации и за здравствените работници за планерите за здравство и други носители - креатори на политики, планери, менаџери, даватели на здравствени услуги, заедници, поединци итн.
3. Зајакнување и подобрување на здравствени алатки вклучувајќи паметни уреди и апликации; со споделување на информациите на сите нивоа на здравствениот систем од суштинско значење за развој и имплементација на политиката на здравствениот систем, управување и регулатива, здравствени истражувања, развој на човечки ресурси, здравствено образование и обука, услуги, испорака и финансирање.
4. Зајакнување и подобрување на Здравствениот информативен систем преку мониторинг и евалуација, обезбедувајќи предупредување и можност за рано предупредување, поддршка на управување со пациенти и здравствени установи, планирање, поддршка и стимулирање на истражувања, анализа на здравствената состојба и трендовите, поддршка на глобалното известување, и поткрепа на комуникација на здравствени предизвици за различни корисници.
5. Изготвување за Планерите за здравство и носителите на одлуки различни видови на информации, вклучувајќи:
- Детерминанти на здравјето (социо-економски, еколошки однесувања, генетски фактори) и контекстуални средини во кои функционира здравствениот систем;
- влезови во здравствениот систем и сродни процеси, вклучувајќи политика и организација, здравје, инфраструктура, објекти и опрема, трошоци, човечки и финансиски ресурси, здравствени информации, изготвување на сет на здравствени идикатори, перформансите или резултатите од здравствениот систем, како што се достапноста, пристапноста, квалитетот и употребата на здравствени информации и услуги, одговорност на системот за потребите на корисниците
- здравствени исходи (смртност, морбидитет, епидемии на болести, здравствени состојби, хендикеп, благосостојба);

II. Успешноста на Програмата ќе се оценува преку основните индикатори на исход:

1. Демографски и социо-економски индикатори
2. Индикатори за здравствени услуги и здравствена грижа
3. Индикатори за здравствени ресурси
4. Индикатори на здравствени интервенции и унапредување на здравјето

III. МЕРКИ, АКТИВНОСТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТА НА СОЦИЈАЛНА МЕДИЦИНСКА ДЕЈНОСТ, ЗДРАВСТВЕНА СТАТИСТИКА И ИНФОРМАТИКА

Од областа на социјална медицина дел здравствена статистика и информатика – во Центри за јавно здравје во тек на 2020 година ќе се извршат следниве активности:

1. Активности во Центри за јавно здравје поврзани со прибирање и обработка на збирните и индивидуалните извештаи:

1.1 Прибирање и вршење на логичка и математичка контрола на податоците, компјутерски внес од збирните извештаи за кадар, посети и утврдени заболувања и состојби за IV тромесечие 2019 година.
Рок на изготвување: I квартал 2020 година

1.2 Изготвување на полугодишни збирни извештаи за кадар и посети и утврдени заболувања и состојби за II полугодие 2019 година
Рок на изготвување: I квартал 2020 година

1.3 Прибирање и вршење на логичка и математичка контрола на податоците, компјутерски внес и обработка на податоците од годишни збирни извештаи за кадар во здравствени установи за 2019 година
Рок на изготвување: I квартал 2020 година

1.4 Изготвување и вршење на логичка и математичка контрола, компјутерски внес и обработка на податоци за збирните извештаи од кадар, посети и утврдени заболувања и состојби од I тромесечие 2019 година.
Рок на изготвување: II квартал 2020 година

1.5 Прибирање и вршење на логичка и математичка контрола на податоците, компјутерски внес и обработка на податоците од збирни извештаи за кадар, посети и утврдени заболувања и состојби за II тромесечие за 2019 година
Рок на изготвување: III квартал 2020 година

1.6 Изготвување на полугодишни извештаи за кадар и посети и утврдени заболувања и состојби за I полугодие 2019
Рок на изготвување: III квартал 2020 година

1.7 Прибирање и вршење на логичка и математичка контрола на податоците, компјутерски внес и обработка на податоците од збирни извештаи за кадар, посети и утврдени заболувања и состојби за III тромесечие за 2019 година
Рок на изготвување: IV квартал 2020 година

1.8 Прибирање, вршење на логичка контрола на податоците од индивидуални извештаи за декември 2019 година и јануари-ноември 2020 година, компјутерски внес и обработка на податоците
Рок на изготвување: континуирано

2. Изготвување на публикација "Збирен извештај за вработен кадар во здравствените установи за 2019 година"
Рок на изготвување: мај 2020 година

Центарот ќе ги спроведува следните активности:

- Континуирано прибирање на збирни и индивидуални извештаи - евиденции со дефинирани здравствено-статистички податоци.
- Вршење логичка и математичка контрола на прибраните податоци
- Внес на податоците во соодветни апликативни софтверски програми
- Обработка и анализа на внесените здравствено-статистички податоци
- Вршење на логичка и математичка контрола на обработените податоци
- Изготвување на годишни (за претходната година) и полугодишни здравствено-статистички извештаи на ниво на Република Северна Македонија (за тековната година)
- Доставување на годишни (за претходната година) и полугодишни здравствено-статистички извештаи на ниво на Република Северна Македонија (за тековната година) до Министерство за здравство
- Доставување на здравствено-статистички податоци според дефинирани табели до Државен завод за статистика
- Изготвување на здравствено-статистички податоци за потребите на Светска здравствена организација, Уницеф, ОЕЦД, Еуростат и други меѓународни организации
- Изготвување на сет на здравствени индикатори, за незаразни болести и др.
- Изготвување на здравствено-статистички податоци за потребите на другите сектори во Институт за јавно здравје
- Вршење на редовни годишни теренски увиди (и по потреба вонредни) во 10 Центри за јавно здравје, а по потреба и во здравствени установи на подрачјата што ги покриваат Центрите за јавно здравје
- Давање стручно-методолошка помош и едукација од областа на здравствена статистика и информатика
- Објавување на обработени податоци на веб страна на Институт за јавно здравје, преку извештаи, публикации
- Давање податоци по барање на корисници согласно Законот за информации од јавен карактер

Во тек на 2020 година ќе се следи здравствената состојба и здравствена заштита на населението на Република Северна Македонија, преку спроведување на статистичките истражувања од областа на здравството.

Во Центарот ќе се прибираат и обработуваат збирни и индивидуални статистички извештаи доставени од здравствените установи преку одделенијата за здравствена статистика и информатика при 10-те Центри за јавно здравје во Република Северна Македонија.

1. Збирни евиденции

Збирни извештаи содржат податоци со кои се прикажува работата на здравствените установи во Република Северна Македонија, кадарот вработен во нив како и податоци за утврдени заболувања и состојби во амбулантно-поликлиничките и диспанзерски дејности. Во тек на 2020 година од здравствените установи во Република Северна Македонија преку центрите за јавно здравје, во Институтот за јавно здравје ќе бидат доставени околу 30020 збирни извештаи:

- Збирни извештаи за II полугодие за 2019 година, годишни збирни извештаи за 2019 година, и збирни извештаи за IV тромесечие за 2019 година за хигиенската исправност на намирниците и предметите за општа употреба и извештаи за несреќи на работа;
- Збирни извештаи за I полугодие за 2020 година и тромесечни извештаи за I, II и III тромесечие за 2020 година.

1.1 Годишни збирни извештаи за кадар и извршена работа за 2019 година:

Од доставените збирни извештаи за 2019 година по извршената логична и математичка контрола и компјутерски внес на податоците, во Центарот ќе се изготват годишни збирни извештаи за 2019 година за Републиката до 31.05.2020 година.

Индикатор: доставени извештаи до Министерство за здравство

Рок на изготвување: Мај 2020 година

| ЗБИРНИ ЕВИДЕНЦИИ ЗА КАДАР И ПОСЕТИ | БРОЈ НА ИЗГОТВЕНИ ГОДИШНИ ЗБИРНИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2019 ГОДИНА ВО II КВАРТАЛ 2020 ГОДИНА |
|---|---|
| Извештај на службата за општа медицина образец (3-01-60) | 2783 |
| Извештај на специјалистичките служби образец (3-01s-60) | 336 |
| Извештај на службата за медицина на труд (образец 3-02-60) | 42 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на деца (образец 3-03-60) | 1500 |

| | |
|---|---|
| Извештај на службата за здравствена заштита на училишни деца и младина (образец 3-04-60) | 1870 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на жени (образец 3-05-60) | 320 |
| Извештај за работата на службата за градни болести и туберкулоза (образец 3-06-60) | 18 |
| Извештај на службата за кожно венерични болести (образец 3-07-60) | 18 |
| Извештај на службата за рехабилитација (образец 3-08-60) | 58 |
| Извештај на службата за заштита и лекување на устата и забите (образец 3-09-60) | 4770 |
| Извештај на службата за трансфузија (образец 3-10-60) | 34 |
| Извештај за здравствено просветување (образец 3-13-60) | 25 |
| Извештај за лаборатории (образец 3-14-60) | 450 |
| Извештај за здравствена исправност на храна и предмети за општа употреба (образец 3-15-60) | 110 |
| Извештај на службата за поливалентна патронажа (образец 3-17-60) | 160 |
| Извештај на службата за болничко - стационарно лекување (образец 3-21-60) | 180 |
| Извешај за организационата структура и кадарот во областа на здравството (образец 3-00-60) | 4750 |
| Извештај за несреќа на работа | 19 |
| ВКУПНО | 17443 |

1.2 Полугодишни збирни извештаи за кадар и извршена работа на ниво на Република Северна Македонија за 2020 година:

Од доставените збирни извештаи за I полугодие за 2020 година и I и II тромесечие за 2020 година, по извршената логична и математичка контрола и компјутерски внес на податоците ќе се изготват полугодишни збирни извештаи на ниво на Република Северна Македонија за 2020 година до 30.09.2020 година.

Индикатор: доставени извештаи до МЗ
Рок на изготвување: Септември 2020 година

| ЗБИРНИ ЕВИДЕНЦИИ ЗА КАДАР И ПОСЕТИ | БРОЈ НА ИЗГОТВЕНИ ПОЛУГОДИШНИ ЗБИРНИ ИЗВЕШТАИ за I полугодие 2019 година на ниво на Република Северна Македонија во III квартал на 2020 година |
|---|---|
| Извештај на службата за општа медицина образец (3-01-60) | 2775 |
| Извештај за работа на специјалистичките служби образец (3-01s-60) | 335 |
| Извештај на службата за медицина на труд (образец 3-02-60) | 42 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на деца (образец 3-03-60) | 1491 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на училишни деца и младина (образец 3-04-60) | 1855 |
| Извештај на службата за здравствена заштита на жени (образец 3-05-60) | 318 |
| Извештај за работата на службата за градни болести и туберкулоза (образец 3-06-60) | 16 |
| Извештај на службата за кожно венерични болести (образец 3-07-60) | 16 |
| Извештај на службата за рехабилитација (образец 3-08-60) | 56 |
| Извештај на службата за заштита и лекување на устата и забите (образец 3-09-60) | 4767 |
| Извештај на службата за трансфузија (образец 3-10-60) | 36 |
| Извештај за здравствено просветување (образец 3-13-60) | 22 |
| Извештај за лаборатории (образец 3-14-60) | 443 |
| Извештај за здравствена исправност на храна и предмети за општа употреба (образец 3-15-60) | 105 |

| | |
|---|---|
| Извештај на службата за поливалентна патронажа (образец 3-17-60) | 156 |
| Извештај на службата за болничко - стационарно лекување (образец 3-21-60) | 176 |
| Извешај за организационата структура и кадарот во областа на здравството (образец 3-00-60) | |
| Извештај за несреќа на работа (образец ИПС) | 13 |
| ВКУПНО | 12606 |

Софтверска обработка на податоците од збирните извештаи ќе се изврши според утврдени апликативни програми.

- Стручно-методолошка помош од областа на здравствена статистика

Центарот за здравствена статистика преку теренски квартални посети во 10-те центри за јавно здравје во Република Северна Македонија ќе спроведе стручно методолошка помош за правилна примена на МКБ-10 и примената на другите параметри во збирните извештаи со цел за квалитетна обработка на податоците од збирните евиденции, како и здравствените установи во соработка со стручните лица од центрите за јавно здравје на подрачјата што ги покриваат, што ќе допринесе подобрување во доставувањето на здравствено-статистичките податоци по однос на квалитет и квантитет.

Индикатор: доставен извештај до МЗ за теренска посета и стручно-методолошка помош во Центри за јавно здравје
Рок за известување: квартално

- Квартален мониторинг, координација и верификација на програмските активности на 10-те Центри за јавно здравје со извештај од областа на здравствена статистика

Индикатор: доставен извештај до МЗ
Рок за известување: квартално

2. Здравствени публикации во Република Северна Македонија за 2019 година

Заради поширока достапност за користење на здравствено-статистичките податоци од збирните и индивидуалните здравствено-статистички евиденции во тек на 2020 година ќе бидат изготвени следниве публикации:

2.1 Здравствена карта на Република Северна Македонија, 2019

Индикатор: доставена публикација
Рок на изготвување: Декември 2020 година

2.2 Амбулантно-поликлинички морбидитет во Република Северна Македонија, 2019

Индикатор: доставена публикација
Рок на изготвување: Октомври 2020 година

2.3 Мрежа на болничките здравствени установи за 2019 година

Индикатор: доставена публикација
Рок на изготвување: Мај 2020 година

2.4 Специјалистички служби во Република Северна Македонија во 2019 година

Индикатор: доставена публикација
Рок на изготвување: Мај 2020 година

2.5 Кадар во здравствени установи во Република Северна Македонија во 2019 година

Индикатор: доставена публикација
Рок на изготвување: Октомври 2020 година

2.6 Ментални заболувања во Република Северна Македонија, 2019

Индикатор: доставена публикација
Рок на изготвување Ноември 2020 година

3. Индивидуални евиденции

Во тек на 2020 година од здравствените установи преку центрите за јавно здравје во Република Северна Македонија, во Институтот за јавно здравје ќе бидат доставени околу 75 000 индивидуални евиденции:

3. **Подигнување на свеста кај здравствените работници и кај населението за значењето на донирањето органи и трансплантацијата како метод на лекување**

**Специфични цели на Програмата се:**

1. Зголемување на бројот на трансплантации од починато лице
2. Проширување на листата на трансплантации на срце, црн дроб, рожница и коски и коскени ткива.
3. Изградба на систем кој ќе обезбеди и гарантира правичен пристап кон органите и ткивата(По примерот на Националната листа за трансплантација на бубрези, да се направи електронска Национална листа за трансплантација и на црн дроб, срце, коски и коскени ткива и рожница)
4. Подигнување на свеста кај населението за донирање на органи и ткива
5. Подигнување на свеста кај медицинскиот персонал од примарното секунадрно и терциелно здравство за донирање на органи и ткива и значењето на трансплантацијата.

**Успешноста на Програмата ќе се оценува преку основните индикатори на исход:**

1. Број на извршени трансплантации од починат донор
2. Број на пациенти на листатите на чекање
3. Број на донори
4. Број на здравствени работници вклучени во извршување на трансплантацијата кои посетувале соодветна обука од областа на трансплантација

## III. МЕРКИ, АКТИВНОСТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТ

**Цел 1. Да се зголеми бројот на трансплантации од починато лице**
**Цел 2. Да се изгради систем кој ќе обезбеди и гарантира правичен пристап кон органите и ткивата**

**Мерка 1. Зголемување на опфатот со ХЛА типизација и други лабораториски и дијагностички испитувања на пациентите кои се подготвуваат за трансплантација од жив дарител и/или починато лице и кои се внесени на Националналата листа за трансплантација на бубрег. Вклучување на редовни анализи за ХЛА антитела 2 за сите пациенти кои се на Националната листа за трансплатнација, како и ХЛА типизација и други лабораториски и дијагностички испитувања на донаторите/дарителите на останати органи и ткива( срце, црн дроб, коски).**

**Активности:**

1. Селекција и избор на нови пациенти на кои ќе им биде направена ХЛА типизација и ќе влезат на Националната листа за трансплантација.
2. Редовно испитување на ХЛА антителата 2 на пациентите кои веќе се наоѓаат на Националната листа за трансплантација, во координација и соработка со центрите за дијализа;

3. Извршување на ХЛА типизација и други лабораториски и дијагностички испитувања за други органи кои ќе се транслантираат (срце, коски и коскени ткива) од страна на надлежните установи

**Показатели на успешност**

1. Број на нови пациенти на Националната листа за трансплантација
2. Број на пациенти од Националната листа за трансплантација со извршени испитувања за ХЛА антитела 2

**Извршители:** ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија, Институт за имунологија и хумана генетика при Медицински факултет при УКИМ и други здравствени установи кои ги извршуваат другите лабораториски и дијагностички испитувања на потенцијалните приматели и на донаторите;

**Мерка 2. Започнување со трансплантација на срце, црн дроб, рожница, коски и коскени ткива**

**Активности:**

1. Изготвување на електронски Национални листи за чекање за црн дроб, срце, рожница, коски и коскени ткива
2. Зголемување на бројот на болнички координатори и тимови за трансплантација на овие органи и зголемување на буџетот за финансиски надомест на овие тимови

**Показатели на успешност**

1. Број на извршени трансплантации на срце, црн дроб, рожница, коски и коскени ткива

**Извршители:** ЈЗУУ Клиника за кардиохирургија, ЈЗУУ Клиника за кардиологија, ЈЗУУ Клиника за Гастроентерохепатологија, ЈЗУУ Клиника за Абдоминална хирургија, ЈЗУУ Клиника за очни болести, ЈЗУУ ТОАРИЛУЦ- Клиника за Ортопедија.

**Мерка 3. Зголемување на нивото на обученост и информираност на здравствените работници кои се вклучени во извршување на трансплантациите**

**Активности:**

1. Обука на здравствените работници кои се вклучени во извршување на трансплантациите преку учество на обуки, конференции, конгреси и други видови на усовршување (Advanced International Training Course in Transplant Procurement Management, 20th Congress of European Society for Organ

Transplantation 2020, Учество на TPM basic & intermediate; Social awareness event in Brussels, Belgium EUDONORGAN, Renal Transplantation course, Heart transplantation course,29th congress of the EATCB

2. Потпишување и имплементација на Протоколот/Меморандумот за соработка во областа на трансплантацијата Basic agreement taching and training со Еуротрансплант Словенија и Хрватска и меморандум за техничка соработка со Интернациналната трансплантациска мрежа на Р. Турција.

**Показатели на успешност**

1. Број на здравствени работници вклучени во извршување на трансплантациите, кои учествувале на некој вид обука, конгрес, конференција, стручен состанок и слично;
2. Број на доктори и специјализанти опфатени со Протоколот/Меморандумот за соработка во областа на трансплантацијата на крвотворните матични клетки помеѓу надлежните органи на Република Северна Македонија и Република Хрватска;

**Извршител:** Министерство за здравство

**Мерка 4. Одржување и унапредување на системот за координација на процесот на трансплантација во Република Северна Македонија преку финансиска и техничка поддршка на работата на Националниот координатор за трансплантација и на „болничките" координатори за земање и пресадување на делови од човечкото тело, како и стимулација и награда за вршење на работите на членовите на тимовите за трансплантација**

**Активности:**

1. Исполнување на законска обрска за исплата на законски пропишаниот надоместок за вршење на работите на **Националниот координатор за трансплантација** кој го координира процесот на спроведување на програмата за трансплантација и обезбедува координирање на работата на сите субјекти вклучени во спроведувањето на одредбите на Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување;
2. Ангажирање на **лице за вршење на стручни и административно-технички работи** поврзани со работата на Националниот координатор за трансплантација;
3. Исполнување на законска обрска за исплата на законски пропишаниот надоместок за вршење на работите на **„болничките" координатори**, кои ја организираат и усогласуваат работата во овластената здравствена установа за земање и пресадување на делови од човечкото тело и за поврзаноста на установата со надлежните органи и зголемување на бројката на болнички

координатори од сегашни 5 на 7, за да може да се подобри ефикасноста во работењето, пред се во делот на детектирање на мозочна смрт.

4. Исполнување на законска обрска за исплата на законски пропишаниот надоместок за вршење на работите на **тимовите за трансплантација**, кои ја прават подготовката на пациентите, експлантацијата и трансплантацијата во овластената здравствена установа за земање и пресадување на делови од човечкото тело и за поврзаноста на установата со надлежните органи и зголемување на бројот на тимови, односно **вклучување на тимовите за трансплантација на срце, тимот за трансплантација на црн дроб, тимот за трансплантација на рожница и тимот за трансплантација на коски и коскени ткива**.

**Показатели на успешност**

1. Број на извршени исплати на надоместокот за вршење на работите на Националниот координатор за трансплантација;
2. Број на извршени исплати на надоместокот за вршење на работите на „болничките“ координатори;
3. Број на извршени исплати на надоместокот за вршење на работите на „болничките“ тимови

**Извршител:** Министерство за здравство

**<u>Мерка 5: Создавање на одржлив систем за поддршка и водење севкупна грижа за донаторите/дарителите и трансплантираните пациенти</u>**

**Активности:**

1. Преземање на финансиски трошоци поврзани со починатото лице како донор заради растоварување на семејството на донорот од плаќање на споменатите трошоци (утврдување на фиксна сума за надомест на трошоците од 30.000 денари на секое семејство на донор)
2. Преземање на обврската за плаќање на партиципација за здравствени услуги кои ги користел донорот на органи/крвотворни матични клетки, по извршената трансплантација на органот/крвотворните матични клетки, неповрзани со испитувањата за трансплантацијата (во случај на трансплантација од жив донор)
3. Обезбедување на имуносупресивни лекови за трансплантирани пациенти кои ќе го спречат процесот на отфрлање на трансплантатот (Caps. Micophenolic acid од 250 mg., филм таблети од 500 mg., таблети од 180mg и од 360 mg; Caps. Cyclosporine од 25 mg., 50mg, 100mg. и sol. Ciclosporin од 100mg/1ml., како и Tacrolimus 0,5mg x 30 caps и Tacrolimus 1mg x 60 caps)

**Показатели на успешност:**

1. Висина на средства исплатени за погребување на донорот;
2. Број на донори кои се ослободени од плаќање на партиципација за здравствени услуги кои ги користел донорот на органи/крвотворни матични клетки, по извршената трансплантација на органот/крвотворните матични клетки, неповрзани со испитувањата за трансплантацијата
3. Висина на средства потрошени за имуносупресивни лекови за трансплантирани пациенти

**Извршители:** Министерство за здравство, ЈЗУ Универзитетската клиника за Трансфузиологија, и ЈЗУ УК за нефрологија.

**Мерка 6: Формирање Национална листа на чекање за срце , црн дроб, рожница и коски и коскени ткива која ќе се базира на транспарентни, објективни и медицински критериуми и електронски систем за алоцирање на органи и ткива;**

**Активности:**

1. Дизајнирање, имплементација и пробна работа на софтвер потребен за формирање на Национална листа на чекање за срце, црн дроб, рожница, коски и коскени ткива
2. Внесување на податоците за пациентите за кои е индицирана трансплантација, во софтверот заради ставање во функција на Националната листа на чекање

**Показатели на успешност:**

1. Процент од пациентите со индицирана потреба од трансплантација кои се опфатени со Националната листа на чекање

**Извршител:** Министерство за здравство

**Цел 3. Преку едукативни кампањи да се зголеми свесноста кај медицинскиот персонал и кај населението за значењето на трансплантацијата и органодонорството да се подигне свеста за донирање на органи, ткива и крвотворни матични клетки**

**Мерка 1: Спроведува на континуирана кампања за подигање на свеста кај населението за донирање на органи, ткива и крвотворни матични клетки**

**Активности:**

1. Организирање јавни дискусии, трибини за важноста од донирањето органи, како и пешачења, маршеви, велосипедски трки, печатење постери, брошури, флаери, беџови и друг материјал за да на поразбирлив начин се објасни што е мозочна смрт, зошто е важно донирање и трансплантација на органи.

2. Тематски разговори и интервјуа со лекари, пациенти и членови на семејствата кои дале согласност да биде пресаден орган од нивни блиски роднини во средствата за јавно информирање – електронски, печатени и на социјалните мрежи (телевизии, радија, весници, магазини, портали).
3. Учество на успешни јавни личности како промотори на кампањата (спортисти, актери, пеачи, писатели);
4. Вклучување на избраните (т.н.„матични") лекари во информирање на пациентите за важноста од донирање на органи;
5. Одбележување на Европски ден на органодарителство;

**Показатели на успешност:**

1. Број на различни настани (јавни дискусии, трибини, пешачења, маршеви, велосипедски трки, тематски разговори и интервјуа) наменети за зголемување на јавната свест кај населението;
2. Тираж на постери, брошури, флаери, количина на беџови и друг материјал наменет за зголемување на јавната свест кај населението;
3. Број на успешни јавни личности како промотори на кампањата;
4. Број на избрани (т.н.„матични") лекари вклучени во информирање на пациентите за важноста од донирање на органи;
5. Број на настани во рамки на Европски ден на органодарителство ;

**Извршител:** Министерство за здравство

**Мерка 2: <u>Спроведување на континуирана кампања за подигање на свеста кај здравствените работници од примарното и секундарното здравство со правните прописи за донирање на органи, ткива и крвотворни матични клетки</u>**

**Активности:**

1. Изготвување и имплементација на проект за семинари на кои на здравствените работници од примарното, секундарното и терцијалното здравство, кои не се директно поврзани во мрежата за трансплантација, ќе им бидат образложени законските одредби кои го регулираат пресадувањето на органи, како и подзаконските прописи со кои детално се уредуваат поединечни делови од оваа област.

**Показатели на успешност:**

1. Број на одржани семинари
2. Број на лица учесници на семинарите

**Извршител:** Министерство за здравство

**Мерка 3: Континуирано стручно усовршување на здравствените работници од областа на трансплантацијата заради подобрување на знаењето и комуникациските вештини и проширување на обуките за тимовите за срце, црн дроб, рожница, коски и коскени ткива.**

**Активности:**

1. Организација и спроведување на обуки за развој на комуникациските вештини и за стекнување нови знаења од областа на трансплантацијата

**Показатели на успешност:**

1. Број на одржани обуки
2. Број на лица учесници на обуките

**Извршител:** Министерство за здравство

**Мерка 4: Спроведува на континуирана кампања за подигање на свеста за донирање на органи, ткива и крвотворни матични клетки кај групите за поддршка на пациенти, невладините здруженија на пациенти и новинарите кои можат да бидат вклучени во промоција на придобивките од постапките на пресадување на органи, а понатаму да бидат и промотори за донирањето на органи**

**Активности:**

1. Организација и спроведување на „брифинзи" од страна на Националниот координатор за трансплантација, „болничките" координатори и други здравствени работници вклучени во трансплантацијата наменети за групите за поддршка на пациенти, невладините здруженија на пациенти и новинарите;

**Показатели на успешност:**

1. Број на одржани „брифинзи";
2. Број на групи за поддршка на пациенти, невладини здруженија на пациенти и новинари опфатени со „брифинзите";

**Извршител:** Министерство за здравство

## IV. ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА И ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Извршување на Програмата**

Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2020 година се врши од страна на:

-Министерството за здравство;

-Здравствени установи вклучени во трансплантација, експлантација, дијагниостички и други иследувања.

**Финансиски средства**

За извршување на Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2019 година се потребни следните финансиски средства:

1.Финансиски средства за извршување на **ХЛА типизација, ХЛА антитела 2 и други лабораториски и дијагностички испитувања** од страна на надлежните установи (плаќање на партиципацијата наместо примателите-пациенти кои се подготвуваат за трансплантација/како и за дарителите на органи, ткива и матични клетки

2. Финансиски средства за **обука на здравствените работници** кои се вклучени во извршување на трансплантациите преку учество на обуки, конференции, конгреси и други видови на усовршување (котизација, сместување, превоз):.

3. Финансиски средства за исплата на надоместок за вршење на работите на **Националниот координатор за трансплантација**;

4. Финансиски средства за ангажирање на **лице за вршење на стручни и административно-технички работи** поврзани со работата на Националниот координатор за трансплантација.

5. Финансиски средства за исплата на надоместок за вршење на работите на **„болничките" координатори.**

6. Финансиски средства за зголемување на нивото на мотивираност и задоволство на членовите на **тимовите за трансплантација од жив донор**. Вклучување на трошоци за новите тимови за трансплантација на срце, црн дроб, коски и коскени ткива и рожница.

Висината на надоместокот за стимулација на тимовите за трансплантација, за секое лице кое учествува во трансплантацијата и за секоја извршена трансплантација (жив донор) изнесува:

| | **Трансплантација на органи (бубрези, црн дроб) од жив донор** | | |
|---|---|---|---|
| | **Здравствена установа/Здравствен работник вклучен во експлантација/трансплантација** | **Број на лица вклучени во експлантација/трансплантација** | **Нето износ во денари** |
| 1. | доктор специјалист по хирургија; доктор специјалист по анестезиологија; доктор специјалист по васкуларна хирургија | Од 4 до 6 (Оператор, прв асистент, втор асистент, трет асистент, анестезиолог, васкуларен хирург) | 12.600,00 |
| 2. | медицинска сестра-инструментарка | 1 | 8.220,00 |
| 3. | медицинска сестра-помошник инструментарка | 1 | 6.600,00 |
| 4. | медицинска сестра-анестетичарка | 1 | 8.220,00 |
| 5. | болничар-транспортер | 1 | 6.000,00 |

Надоместокот за тимовите за трансплантација се исплаќа врз основа на доставените извештаи од ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија-Скопје, односно ЈЗУ УК за дигестивна хирургија.

7. Финансиски средства за зголемување на нивото на мотивираност и задоволство на членовите на **тимовите за трансплантација од починат донор-кадавер.**

Висината на надоместокот за стимулација на тимовите за трансплантација, за секое лице кое учествува во трансплантацијата и за секоја извршена трансплантација (починато лице) изнесува:

| | **Трансплантација на органи (бубрези, црн дроб, срце) од починат донор-кадавер** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Здравствена установа/Здравствен работник вклучен во експлантација/трансплантација** | **Број на лица вклучени во една експлантација/една трансплантација** | **Единица мерка** | **Нето износ во денари (се исплаќа еднократно)** |
| | **УК за НЕФРОЛОГИЈА (подготовка на примател/реципиент)** | | | |
| 1. | доктор специјалист по интерна медицина/доктор супспецијалист по нефрологија | 2 | еден примател /еден дарител | 8.000,00 |
| 2. | медицинска сестра | 2 | еден примател /еден дарител | 1.500,00 |
| | **УК за Гастроентерохепатологија (подготовка на примател/реципиент)** | | | |
| 1. | доктор специјалист по интерна медицина/доктор супспецијалист по гастроентерохепатологија | 2 | еден примател /еден дарител | 8.000,00 |
| 2. | медицинска сестра | 2 | еден примател /еден дарител | 1.500,00 |
| | **УК За Кардиологија** | | | |
| 1. | доктор специјалист по интерна медицина/доктор супспецијалист по гастроентерохепатологија | 2 | еден примател /еден дарител | 8.000,00 |
| 2. | медицинска сестра | 2 | еден примател /еден дарител | 1.500,00 |
| | **ТОАРИЛУЦ-КАРИЛ (подготовка на донор)** | | | |
| 1. | доктор специјалист по анестезиологија; | 1 | еден примател /еден дарител | 12.600,00 |
| 2. | медицинска сестра | 2 | еден примател /еден дарител | 1.500,00 |
| 3. | болничар-транспортер | 1 | еден примател /еден дарител | 500,00 |
| | **УК за урологија/ТОАРИЛУЦ- КАРИЛ** | | | |
| 1. | доктор специјалист по хирургија; доктор специјалист по анестезиологија; доктор специјалист по васкуларна хирургија | Од 3 до 5 (Оператор, прв асистент, втор асистент, трет асистент, васкуларен хирург) | Експлантација/ Трансплантација | 12.600,00 |
| 2. | медицинска сестра-инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 8.220,00 |
| 3. | медицинска сестра-помошник инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 6.600,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | медицинска сестра-анестетичарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 8.220,00 |
| 5. | болничар-транспортер | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 6.000,00 |
| | **УК за ТОАРИЛУЦ-Ортопедија** | | | |
| 1. | доктор ортопед, доктор специјалист по анестезиологија | 2 оператори ортопеди, 1 доктор специјалист по анестезиологија | Експлантација/ Трансплантација | 12.600,00 |
| 2. | медицинска сестра-инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 8.220,00 |
| 3. | медицинска сестра-помошник инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 6.600,00 |
| 4. | медицинска сестра-анестетичарка | 1 | Експлантација/ трансплантација | 6.600,00 |
| 5. | болничар-транспортер | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 6.000,00 |
| | **УК за Абдоминална хирургија** | | | |
| 1. | доктор специјалист по хирургија; доктор специјалист по анестезиологија | Од 3 хирурзи (Оператор, прв асистент, втор асистент, трет асистент, Анестезиолог | Експлантација/ Трансплантација | 12.600,00 |
| 2. | медицинска сестра-инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 8.220,00 |
| 3. | медицинска сестра-помошник инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 6.600,00 |
| 4. | медицинска сестра-анестетичарка | 1 | | 6.600,00 |
| 5. | болничар-транспортер | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 6.000,00 |
| | **УК за очни болести** | | | |
| 1. | доктор специјалист по хирургија; специјалист по анестезиологија | 3 хирурзи (Оператор, прв асистент, втор асистент, Анестезиолог | Експлантација/ Трансплантација | 12.600,00 |
| 2. | медицинска сестра-инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 8.220,00 |
| 3. | медицинска сестра-помошник инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 6.600,00 |
| 4. | медицинска сестра-анестетичарка | 1 | | |
| 5. | болничар-транспортер | 3 | Експлантација/ Трансплантација | 6.000,00 |
| | **Ук за Кардиохирургија** | | | |
| 1. | Доктор специјалист по хирургија Специјалист по анестезилогија | 2 хирурзи( оператор прв и втор асистент) анестезиолог | Експлантација/ трансплантација | 12.600,00 |
| 2. | медицинска сестра-инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 8.220,00 |
| 3. | медицинска сестра-помошник инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 6.600,00 |
| 4. | медицинска сестра-анестетичарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 6.000,00 |
| 5. | болничар-транспортер | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 6.000,00 |
| | **Институт за трансфузиона медицина** | | | |
| 1. | доктор специјалист по трансфузиона медицина | 1 | еден примател /еден дарител | 6.000,00 |
| 2. | Мед. лаборант | 1 | еден примател /еден дарител | 1.500,00 |
| 3. | Биолози | 2 | еден примател /еден дарител | 2.500,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Институт за радиологија** | | | |
| 1. | доктор специјалист по радиологија | 1 | еден примател /еден дарител | 6.000,00 |
| 2. | радиолошки технолог | 1 | | 1.500,00 |
| 3. | медицинска сестра | 1 | еден примател /еден дарител | 1.500,00 |
| | **Центар за трансплантација** | | | |
| 1. | Медицински сестри | 4 | еден примател /еден дарител | 1.500,00 |

Надоместокот за тимовите за трансплантација се исплаќа врз основа на доставените извештаи од ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија-Скопје, односно ЈЗУ УК за дигестивна хирургија, ЈЗУ УК за гастроентерохепатологија, односно ЈЗУ УК за државна кардиохирургија или ЈЗУ УК за кардиологија, ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ –Клиника За Ортопедија, ЈЗУ УК за Очни болести

8. Исплата на финансиски средства во износ од 30.000 денари, поврзани со починатото лице како донор заради растоварување на семејството на донорот од плаќање на погребалните трошоци.

9. Ослободување од плаќање на партиципација за имуносупресивни лекови за трансплантирани пациенти.

10. Финансиски средства за организирање на настани за зголемување на јавната свеста за значењето и придобивките од трансплантација на органи и промотивен материјал за органодарителство.

**Табела: Обезбедени финансиски средства за реализација на дел од активностите предвидени со Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2020 година**

| Ред. бр. | Активност | Извршител | Количина | Износ (во денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Извршување на ХЛА типизација, ХЛА антитела и други лабораториски и дијагностички испитувања од страна на надлежните установи (плаќање на партиципацијата наместо примателите-пациенти кои се подготвуваат за трансплантација/како и за дарителите на органи, ткива и матични клетки); | ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Македонија, Институт за имунологија и хумана генетика при Медицински факултет при УКИМ и други здравствени установи кои ги извршуваат другите лабораториски и дијагностички испитувања на потенцијалните приматели и на донаторите; | | 500.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Обука на здравствените работници кои се вклучени во извршување на трансплантациите преку учество на обуки, конференции, конгреси и други видови на усовршување (котизација, сместување, превоз):<br>(1) Advanced International Training Course in Transplant Procurement Management,;<br>(2) 20th Congress of European Society for Organ Transplantation<br>(3) 16th Congress of the International Society for Organ Donation and Procurement (ISODP 2020)<br>(4) Учество на TPM basic & intermediate;<br>(5) Social awareness event in Brussels, Belgium EUDONORGAN event is harmonized with Competent Authority Meeting<br>(6) Renal Transplantation course<br>(7) Heart transplantation course<br>(8) 29th congress of the EATCB<br><br>Обуки обезбедени преку ИТН | Министерство за здравство | | 200.000,00 |
| 3. | Исполнување на законска обрска за исплата на законски пропишаниот надоместок за вршење на работите на **Националниот координатор за трансплантација** | Министерство за здравство | | 320.000,00 |
| 4. | Ангажирање на **лица за вршење на стручни и административно-технички работи** поврзани со работата на Националниот координатор за трансплантација | Министерство за здравство | | 100.000,00 |
| 5. | Исполнување на законска обрска за исплата на законски пропишаниот надоместок за вршење на работите на **„болничките“ координатори - седум** | Министерство за здравство | | 952.000,00 |
| 6. | Зголемување на нивото на мотивираност и задоволство на членовите на **тимовите за трансплантација од жив донор** | Министерство за здравство | | 500.000,00 |
| 7. | Зголемување на нивото на мотивираност и задоволство на членовите на **тимовите за трансплантација од починат донор** | Министерство за здравство | | 728.000,00 |
| 8. | Исплата на финансиски средства во износ од 30.000 денари, поврзани со починатото лице како донор заради | Министерство за здравство | | 150.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | растоварување на семејството на донорот од плаќање на погребалните трошоци. (5 кадавера по 30.000,00 денари) | | | |
| 9. | Ослободување од плаќање на партиципација за имуносупресивни лекови за трансплантирани пациенти кои ќе го спречат процесот на отфрање на трансплантатнот | Министерство за здравство | | 300.000,00 |
| 10. | Организирање на настани за зголемување на јавната свеста за значењето и придобивките од трансплантација на органи и промотивен материјал за органодарителство | Министерство за здравство | | 250.000,00 |
| | **ВКУПНО** | | | **4.000.000,00** |

Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2020 година ќе се реализира во обем и содржина соодветни на средствата одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година во вкупен износ од 4.000.000,00 денари од буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство.

## V. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-10591/1-19
8 јануари 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**187.**

Врз основа на член 116 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 124/2019), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНСУЛТАНТСКИ УСЛУГИ И ОБУКИ И ЗА НАЧИНОТ НА РАСПРЕДЕЛБАТА И КОРИСТЕЊЕТО НА ПРИХОДИТЕ**

Член 1

Во Правилникот за начинот на остварување на меѓународна соработка, спроведување на консултантски услуги и обуки и за начинот на распределбата и користењето на приходите (“Службен весник на Република Македонија” бр.132/13) во членот 8 став (1) по зборовите: „Годишната програма за обуки“ се додаваат зборовите: „од областа на геодетските работи и правни работи ( во понатамошен текст „Годишната програма“)“.

Прилогот број (1) од ставот (3) на овој член се заменува со нов прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Во членот 9 во ставот (2) зборовите: „чиј составен дел е“ се бришат.

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) АКН води Регистар на реализирани обуки во кој се содржани податоците за видот на презентацијата, насловот на презентацијата, име и презиме на презентерот и институција, како и материјалите од обуката.“.

Член 3

Во членот 10, ставот (2) се менува и гласи:

„Годишната програма ја донесува Управниот одбор на АКН по предлог на директорот на АКН и тоа најдоцна до 15 декември од тековната година за наредната година.“

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Управниот одбор на Комората на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи, дава предлози за потребните обуки кои може да бидат опфатени во програмата за континуирана или дополнителна обука на вработените кај членките на Комората.“

Член 4

Членот 11 се менува и гласи:

„ АКН ги реализира следните видови на обуки:

- обуки согласно Годишната програма;
- посебни обуки по барање за професионални корисници и други заинтересирани субјекти
- обуки за престанок на мирувањето за овластување за овластен геодет.“

Член 5

Во членот 12, модул 2, алинеја 4 зборовите: „МаКедит системот“ се заменуваат со зборовите: „софтвер за обработка на графички и атрибутни податоци“, а во модул 3, алинејата 1 се брише.

Член 6

По членот 12 се додаваат 3 нови глави, 8 нови наслови и 8 нови члена кои гласат:

„V-а. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОБУКИ ОД ОБЛАСТА НА ГЕОДЕТСКИТЕ И ПРАВНИ РАБОТИ

**Опфат на Годишната програма за обуки од областа на геодетските и правни работи**

Член 12-а

Годишната програма опфаќа обуки од областа на геодетските и правни работи за овластените геодети и обуки за професионалните корисници пропишани со Годишната програма.

**Обука за овластени геодети согласно Годишна програма за обуки од областа на геодетските и правни работи**

Член 12-б

(1) Овластениот геодет треба да посетува континуирана обука согласно Годишната програма донесена од Управниот одбор на АКН.

(2) Обуката согласно Годишната програма се изразува во бодови.

(3) За времето, местото и темата на спроведување на обуката се известува Комората и истото се објавуваат на Веб страната на АКН 15 дена пред нејзиното одржување.

(4) За посета на обуката, овластениот геодет плаќа надоместок чија висина со одлука ја определува Управниот одбор на АКН.

(5) АКН на овластениот геодет му издава сертификат за посетена обука, доколку на годишно ниво се стекнал со минимум 10 бодови континуирана обука од ставот (1) на овој член.

(6) По исклучок на ставот (5) на овој член, АКН на овластениот геодет му издава сертификат за посетена обука доколку на годишно ниво се стекнал со минимум 10 бодови, од кои минимум 7,5 бодови ги стекнал со континуирана обука согласно Годишната програма, а останатите бодови ги стекнал преку индивидуалните обуки пропишани со овој Правилник.

**Обуки за професионалните корисници пропишани со Годишната програма**

Член 12-в

(1) АКН реализира обуки пропишани со Годишната програма и за потребите на професионалните корисници.

(2) За времето, местото и темата на спроведување на обуката се известуваат коморите/здруженијата во кои членуваат професионалните корисници и истото се објавуваат на Веб страната на АКН, 15 дена пред нејзиното одржување.

(3) За посета на обуката, професионалниот корисник плаќа надоместок чија висина со одлука ја определува Управниот одбор на АКН.

V-Б. ПОСЕБНИ ОБУКИ ПО БАРАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ КОРИСНИЦИ И ДРУГИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СУБЈЕКТИ

**Опфат на обуката за професионални корисници**

Член 12-г

(1) Обука по барање на професионалните корисници е обука која не е опфатена во Годишната програма, а е содржана во Каталогот на обуки кој го изготвува АКН.

(2) Обуката може да се организира по барање од група на професионални корисници или по барање за индивидуална обука.

(3) Формата и содржината на барањето од став (1) на овој член е дадена во прилог број 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Обука по барање од група на професионални корисници**

Член 12-д

(1) АКН организира и спроведува обука на професионалните корисници (нотари, адвокати, извршители, банки, проценители, општини, овластени геодети и други) по барање од најмалку 5, а најмногу до 10 професионални корисници.

(2) Обуката од став (1) на овој член се организира на тема која ја избираат професионалните корисници од Каталогот на обуки.

(3) За организирање на обуката од став (1) на овој член се поднесува барање во кое се наведува темата од Каталогот на обуки.

(4) Обуката од став (1) на овој член се одржува во тренинг центарот на АКН, а датумот на нејзино одржување е взаемно определен, но не подолго од 15 (дена) од поднесување на барањето.

(5) За посета на обуката, професионалниот корисник плаќа надоместок чија висина со одлука ја определува Управниот одбор на АКН. По исклучок, за посета на обуки за професионалните корисници вработени во министерствата и другите државни органи не плаќаат надоместок.

**Индивидуални обуки**

Член 12-ѓ

(1) Индивидуалните обуки се обуки кои АКН ги организира на тема која ја избира професионалниот корисник (овластен геодет, геодет, нотар, адвокат, извршител, итн.) од Каталогот на обуки.

(2) За организирање на обуката од став (1) на овој член професионалниот корисник поднесува барање во кое ја определува темата од Каталогот или Годишната програма.

(3) Барањето се доставува најмалку 15 (петнаесет) дена пред одржување на обуката.

(4) За посета на обуката, професионалниот корисник плаќа надоместок чија висина со одлука ја определува Управниот одбор на АКН.

(5) Обуката се организира во седиштето на професионалниот корисник, на датум определен од негова страна, во текот на работното време.

(6) Овластениот геодет за учество на индивидуалната обука се стекнува со 1,5 бод.

**Обуки по барање на професионални корисници и други заинтересирани субјекти**

Член 12-е

(1) АКН обезбедува обуки во својство на обучувач за професионални корисници и други заинтересирани субјекти од земјата и странство, кои се организирани од нивна страна.

(2) За организирање на обуката, субјектите од став (1) на овој член поднесуваат барање во кое се наведува темата на обуката.

(3) АКН ги спроведува обуките на начин што склучува договор за спроведување на обуки со кој се регулираат видот и модулот на обуката, времетраењето на обуката и висината на надоместокот за спроведување.

(4) Обуките од ставот (1) на овој член, ги спроведуваат стручни лица од АКН како обучувачи на работилници и семинари.

(5) За обуката, професионалниот корисник плаќа надоместок чија висина со одлука ја определува Управниот одбор на АКН.

„V-B. ОБУКА ЗА ПРЕСТАНОК НА МИРУВАЊЕТО ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ

**Опфат на обуката за престанок на мирувањето за овластување за овластен геодет**

Член 12-ж

(1) АКН за овластениот геодет кој поднел барање за престанок на мирувањето за овластување за овластен геодет, организира и спроведува обука.

(2) Обуката од став (1) на овој член е содржина во која се сублимирани сите обуки согласно Годишните програми, на кои не присуствувал овластениот геодет за време на мирувањето на овластувањето.

(3) За посета на обуката од став (1) на овој член, овластениот геодет плаќа надоместок чија висина со одлука ја определува Управниот одбор на АКН.

(4) На овластениот геодет кој ја посетил обуката од став (1) на овој член, АКН му издава сертификат за посетена обука.

(5) Формата и содржината на сертификатот од став (4) на овој член е дадена во прилог број 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Главата VI се менува и гласи:

„НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИ“.

Член 6

Членот 13 се менува и гласи:

„(1) Обуките уредени со овој правилник, АКН ги спроведува преку организирање на работилници, семинари, конференции, работни средби и отворени дебати.

(2) По исклучок од став (1) на овој член АКН обуките може да ги организира преку организирање студиски посети на надлежни институции од земјата и странство.“

Член 7

Членот 14 се брише.

Член 8

Членот 15 се брише

Член 9

Членот 16 се брише.

Член 10

Во членот 18 во став 1 се додава нова алинеја која гласи:

„- овластен геодет “

Ставот 2 се брише.

Член 11

Во член 19 по зборот: „геодетските“ се става запирка и се додава зборот: „правни“, а зборовите: „да е во ранг на раководен државен службеник, “ се бришат.

Член 12

Во член 20 по зборот: „геодетските“ се става запирка и се додава зборот: „правни“.

Член 13

Во член 21 се додава нов став кој гласи:

„(2) Надворешните обучувачи од надлежни органи или институции на други земји од областа на геодезијата, правото, катастарот на недвижности и информатички работи може да вршат обука согласно меморандумите за соработка кои АКН ги има потпишано со нив.“

Член 14

По членот 21 се додава нов член 21-а кој гласи:

„Член 21-а

Овластениот геодет од став (1) на овој член го предлага Комората на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи, соодветно на областа за која е предвидено да се изврши обуката согласно Годишната програма за обуки. Овластениот геодет за спроведената обука во својство на обучувач, се стекнува со 5 бода.“

Член 15

Во членот 22 став (3) зборовите: „без дополнителен надомест“ се бришат.

Член 16

АКН води евиденција за сите посетени обуки и издадените сертификати.

Член 17

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 0101-16713/1
6 декември 2019 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
м-р **Ирма Мандева,** с.р.

Прилог број 1

Република Северна Македонија

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 15 став (1) алинеја 18 од од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 124/19), Агенцијата издава

С Е Р Т И Ф И К А Т
за посетена обука од областа на геодетските работи
на
ОВЛАСТЕНИОТ ГЕОДЕТ

_____
Име и презиме,/ЕМБГ

Именуваниот, во текот на _____ година има посетено обука од областа на геодетските работи и се стекнал со _____ бодови.

Д И Р Е К Т О Р

_____

Скопје, _____ година

Прилог број 2

Република Северна Македонија

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 15 став (1) алинеја 18 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 124/19 ), Агенцијата издава

# Б А Р А Њ Е
## за организирање на посебни обуки

**1.Обука по барање од група на професионални корисници** (најмалку 5 а најмногу 10 професионални корисници)

_____

број на учесници

**2. Индивидуална обука**

- време и место на одржување на обуката_____

**3** .Тема на обуката

_____

од Каталогот или Годишната програма

Место и дата Подносител/и

_____ _____

Прилог број 3

Република Северна Македонија

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 15 став (1) алинеја 18 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16 и 64/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 124/19), Агенцијата издава

С Е Р Т И Ф И К А Т
за посетена обука од областа на геодетските работи заради престанок на мирување

на
ОВЛАСТЕНИОТ ГЕОДЕТ

_____
Име и презиме,/ЕМБГ

Именуваниот, заради престанок на мирувањето, на _____ година посети обука од областа на геодетските работи.

Д И Р Е К Т О Р

_____

Скопје, _____година

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk
Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401
Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.
ISSN 0354-1622
2020008